**20250881950**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 37 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/24) и член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 април 2025 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2025 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.29/25), во делот I износот „840.000.000“ се заменува со износот „1.272.000.000“, а износот „120.000.000“ се заменува со износот „552.000.000”.

II

Во делот II во ставот (1) износот „271.000.000“ се заменува со износот „703.000.000“.

| **Код на мерка** | **Назив на мерка** | **Износ (во денари)** |
|---|---|---|
| 111 | Обука и информирање на земјоделските производители | 10.000.000 |
| 112 | Помош за млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност | 20.000.000 |
| 113 | Поддршка за поттикнување на земјоделско производство | 11.600.000 |
| 115 | Поддршка за активен женски член во земјоделско домаќинство | 10.000.000 |
| 121 | Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства | 354.400.000 |
| 122 | Инвестиции за зголемување на економската вредност на шумите | 54.000.000 |
| 123 | Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи | 3.000.000 |
| 124 | Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди | 35.000.000 |
| 126 | Инвестиции за реструктуирање на земјоделски стопанства | 20.000.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 131.1 | Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност- разни трансфери | 3.000.000 |
| 131.2 | Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност- капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 60.000.000 |
| 213 | Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики | 50.000.000 |
| 214 | Помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина | 34.000.000 |
| | - активности за воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните земјоделски растенија и обезбедување на задолжителни генетски резерви (214.1) | 2.000.000 |
| | - воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните раси на добиток и чување и обезбедување на задолжителни генетски резерви на автохтони раси на добиток (214.2) | 12.000.000 |
| | - зачувување на генетската разновидност на автохтоните раси на добиток (говедо-буша, овца- праменка (каракачанска, овчеполска и шарпланинска овца), коза – балканска коза, куче–овчарско куче шарпланинец, овчарско куче караман и бивол – домашен бивол) (214.3) | 20.000.000 |
| 321 | Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини | 10.000.000 |
| 322 | Обнова и развој на селата | 17.000.000 |
| 323 | Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја | 10.000.000 |
| 412 | Воспоставување на локални акциски групи (во натамошниот текст: ЛАГ) | 500.000 |
| 413 | Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини | 500.000 |
| **ВКУПНО МЕРКИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ** | | **703.000.000** |

Во ставот (2) износот „560.480.000“ се заменува со износот „556.160.000“.

Табелата се менува и гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| **1.Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој** | | **535.160.000** |
| 1.1 | Промотивни активности од областа на земјоделството и руралниот развој во Република | 33.380.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | Северна Македонија | |
| 1.2 | Учество на саеми и организација на промотивни настани вон Република Северна Македонија | 75.000.000 |
| 1.3 | Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи | 38.480.000 |
| | Трошоци за изработка на елаборати и спецификации за регистрација и заштита на називот на земјоделските и прехрамбените производи со ознака за потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет (1.3.1) | 3.000.000 |
| | Трошоци за учество на меѓународни и регионални натпревари за вино на кои е освоена специјализирана награда, златен и сребрен медал (1.3.2) | 5.880.000 |
| | Трошоци за организирање на трговски, студиски и медиумски посети во Република Северна Македонија (1.3.3) | 2.000.000 |
| | Закуп на медиумски простор за објава на статии за македонски производи во странски специјализирани списанија за храна и вино (1.3.4) | 1.000.000 |
| | Трошоци за амбалажа за земјоделски производи и преработени земјоделски производи (1.3.5) | 11.000.000 |
| | Трошоци за дизајн и изработка на информативни и промотивни материјали од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството и закуп на медиумски простор за објава на истите (1.3.6) | 15.000.000 |
| | Трошоци за воспоставување и активности на веб страна за органска храна www.organskahrana.mk (1.3.7) | 300.000 |
| | Трошоци за воспоставување и активности на веб страна за мали производители на вино www.malivinarii.mk (1.3.8) | 300.000 |
| 1.4 | Изработка и публикување на едукативни, информативни, научни, пропагандни и стручни материјали, публикации и списанија | 1.000.000 |
| 1.5 | Спроведување на истражувања, изработка на анализи, предлог-проекти, студии и стратешки документи од областа на земјоделството и руралниот развој | 5.000.000 |
| 1.6 | Инвестициони вложувања за воспоставување на научно-демонстративни примери | 60.000.000 |
| 1.7 | Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој | 322.300.000 |
| | Трошоци за набавка на хардвер и софтвер, воспоставување, одржување и надградба на регистри и бази на податоци кои ги води | 59.000.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: Министерството) (1.7.1) | |
| | Трошоци за набавка на хардвер и софтвер, трошоци за набавка на компјутерска и информатичка опрема, трошоци за воспоставување и одржување на регистри и бази на податоци кои ги води Агенцијата (1.7.2) | 25.000.000 |
| | Трошоци за информирање на корисниците за мерките за финансиска поддршка во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој кои ги спроведува Агенцијата (1.7.3) | 3.000.000 |
| | Трошоци за информирање на корисниците за мерките за финансиска поддршка во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството, Програма за финансиска поддршка во органско земјоделско производство и Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој кои ги спроведува Министерството (1.7.4) | 3.000.000 |
| | Инвестициони вложувања за санација на метеоролошки станици, како и трошоци за набавка на хардвер и софтвер за хидрометеоролошка опрема и радарски систем и набавка на мали метеоролошки станици (1.7.5) | 17.500.000 |
| | Трошоци за организирање на работилници, промотивни кампањи и изработка на законски и подзаконски акти од областа на земјоделството и руралниот развој (1.7.6) | 5.000.000 |
| | Инвестиции за подобрување на генетскиот потенцијал на млечни крави во Република Северна Македонија преку употреба на сексирано семе и ембрио-трансферот (1.7.7) | 32.000.000 |
| | Трошоци за ревитализација, реорганизација, зајакнување и обновување на конзервативниот материјал за автохтони сорти растенија (1.7.8) | 16.000.000 |
| | Трошоци за изработка на нови проекти, ревизија, ажурирање и дополнување на постојани проекти за водостопанство (1.7.9) | 20.800.000 |
| | Трошоци за ревизија, ажурирање и дополнување на постојните физибилити студии со идејни проекти (1.7.10) | 9.000.000 |
| | Техничка помош за одржување на системите за наводнување и одводнување и заштита од природни непогоди (1.7.11) | 132.000.000 |
| 2 | Субвенционирање на каматна стапка | 20.000.000 |
| 3 | Активности на Националната рурална мрежа | 1.000.000 |
| **ВКУПНО ЗА МЕРКИ ЗА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ** | | **556.160.000** |

Во ставот (4) износот „8.400.000“ се заменува со износот „12.720.000“.

III

Во делот VII став (1) во алинејата 4 по зборот „одгледувачи“ се додаваат зборовите „или признати организации на одгледувачи на хибридни свињи,“.

Во ставот (2) броевите „1, 2, 3,“ се бришат.

Во ставот (3) броевите „1, 2, 3,“ се бришат.

Во ставот (4) зборовите „1 мај” се заменуваат со зборовите „1 јануари“.

Во ставот (6) по зборот „алинеи“ се додаваат броевите „1, 2, 3,“.

Во ставот (8) износот „50.000.000“ се заменува со износот „200.000.000“.

IV

По делот VIII се додава нов дел VIII-а кој гласи:

„VIII-a

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 123 „Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 72 и 94-а од Законот за земјоделство и рурален развој.

(2) Средствата кои се спроведуваат согласно член 72 од Законот за земјоделство и рурален развој се наменети за инвестиции во комерцијални возила за директна продажба на земјоделски производи и преработки од земјоделски производи.

(3) Корисниците на поддршката од ставот (2) на овој дел се физички лица кои се евидентирани во Евиденцијата на оператори со храна и објекти за производство и преработка на мали количини на производи од животинско и/или неживотинско потекло.

(4) За реализација на мерката од ставот (2) на овој дел, Агенцијата објавува отворен јавен повик за поднесување на барања за финансиска поддршка, најдоцна до 30 ноември 2025 година.

(5) Средствата кои се спроведуваат согласно член 94-а од Законот за земјоделство и рурален развој се наменети за финансиска поддршка за инвестиции по склучен договор за користење на инструментот за претпристапна помош за рурален развој за инвестиции во постбербени и преработувачки капацитети.

(6) Корисниците на поддршката од ставот (5) на овој дел се мали, микро и средни претпријатија и земјоделски задруги кои имаат склучено договор за користење на претпристапна помош за рурален развој.

(7) Висината на поддршката од ставот (5) на овој дел изнесува до 100% од висината на прифатливите инвестициски трошоци во вид на целосно или делумно предфинансирање на делот кој се однесува на сопственото учество во вкупните трошоци на инвестицијата.

(8) Корисникот треба по завршување на инвестицијата, односно по исплатата на целосниот износ на финансиската поддршка од страна на Агенцијата, да го врати износот на добиената поддршка на најмногу осум годишни рати.“.

V

Во делот IX став (1) во алинејата 1 по зборовите „водостопанска инфраструктура“ се додаваат зборовите „механизација и опрема“.

VI

Во делот XI став (6) по зборовите „30 март“ се додаваат зборовите „,како и до 30 април“.

VII

По делот XIII се додава нов дел XIII-а кој гласи:

„XIII-а

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 321 „Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини“ од оваа програма се спроведуваат согласно член 86 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување меѓу две или повеќе села во должина до 5 км;
- инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување на села со регионален пат или со населено место-град во должина до 7 км;
- инвестиции во обезбедување на телекомуникациска инфраструктура во населени места- села до 500 жители согласно последниот попис на население и домаќинства во Република Северна Македонија;
- инвестиции во водоснабдителни и канализациони системи во населени места-села до 1.500 жители согласно последниот попис на население и домаќинства во Република Северна Македонија;
- инвестиции во објекти и опрема за организирање на продажба на земјоделски производи во рурални средини (зелени пазари);
- инвестиции во објекти и опрема за организирање на продажба на жив добиток во рурални средини и за усогласување на постоечките пазари за жив добиток согласно прописите од областа на ветеринарството;
- инвестиции во објекти и опрема за детски, младински и/или пензионерски културни центри или клубови во населени места-села;
- инвестиции за изградба и/или реконструкција на селски улици (вклучително и атмосферска канализација и пешачки елементи) во должина до 1 км и
- инвестиции за изградба и/или реконструкција на плоштади, зелени површини и/или шеталишта во рурални средини до 30.000 жители.

(2) Корисници на средствата од ставот (1) на овој дел се единиците на локалната самоуправа-рурално подрачје и единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа руралната средина за која се однесува инвестицијата и центрите за развој на планските региони утврдени согласно Законот за рамномерен регионален развој (*), за инвестиции во рурални средини.

(3) Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерките од ставот (1) на овој дел е во согласност со член 90 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(4) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел се доделува во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци и се исплаќа во висината на износот утврден согласно договорите за јавна набавка склучени од корисниците од ставот (2) на овој дел.

(5) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел по барање на корисникот може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 20% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци или на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата врз основа на најмногу три времени ситуации од надзор или документација за набавка на опрема.“.

VIII

Во дел XIV во ставот (5) износот „2.000.000“ се заменува со износот „7.000.000“.

IX

По делот XIV се додава нов дел XIV-а кој гласи:

„XIV-а

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 323 „Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја“ од оваа програма се спроведуваат согласно член 86 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување на населени места-села со локалитет од значење за начинот на живот и работа на селската популација во должина до 2 км;
- означување на културни и природни знаменитости во рурални средини;
- одбележување и унапредување на планинарски и велосипедски патеки и
- уредување на излетнички места во рурални средини (вклучително и нивно поврзување со електрична енергија, водоснабдување, канализација).

(2) Корисници на средствата од ставот (1) на овој дел се единиците на локалната самоуправа-рурално подрачје и единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа руралната средина за која се однесува инвестицијата и центрите за развој на планските региони утврдени согласно Законот за рамномерен регионален развој (*), за инвестиции во рурални средини.

(3) Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерката од ставот (1) на овој дел е во согласност со член 90 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(4) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел се доделува во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци и се исплаќа во висината на износот утврден согласно договорите за јавна набавка склучени од корисниците од ставот (2) на овој дел.

(5) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел по барање на корисникот може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 20% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци или на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата врз основа на најмногу три времени ситуации од надзор или документација за набавка на опрема.“.

X

Во делот XVII став (4) во табелата по точката 14 се додава нова точка 15 која гласи:

„

| | Назив на саемот/промотивниот настан | Локација | Период на одржување |
|---|---|---|---|
| 15 | Новосадски земјоделски саем | Нови Сад, Србија | мај 2025 година |

“.

XI

Во делот XX во ставот (2) зборовите „освен за мерката 131 од делот II став (1)“ се заменуваат со зборовите „освен за мерките 131 и 213 од делот II став (1) и потточките 1.1 и 1.3.5 од делот II став (2)“.

XII

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-3263/20
29 април 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.